Врз основа на член 22 став 1, и член 36 став 1 од Законот локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 16 став 1 точка 8, член 19 и член 73 од од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19 и 47/21), Советот на Општина Берово на 53-та седница одржана на ден 28.11.2024 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А

на Општина Берово

од областа на образованието за 2025 година

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Општина Берово во рамките на своите надлежности и можности посветува големо внимание за развој и непречено одвивање на воспитно-образовниот процес и унапредување на условите за учење во двете основни и средното училиште, кои се наоѓаат на нејзина територија.

Програмата на Општина Берово, од областа на образованието, се носи согласно нејзините надлежности, утврдени во законските и подзаконските акти, земајќи ги предвид можностите утврдени во Буџетот на Општина Берово за 2025 година.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

***ОПШТА ЦЕЛ***

Цел на програмата на Општина Берово од областа на образованието, е подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во училиштата, креирање и спроведување на образовни политики, согласно локалните потреби за развој на образовниот процес.

Општина Берово, го штити правото на децата, за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење, во соработка со наставниците, родителите и учениците.

***СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ***

- Обезбедување на еднакви образовни можности за сите деца, ученици во Општина Берово;

- Одржување на континуитетот на образовниот процес во општинските основни и средното училиште ;

- Обезбедување на матерјално-технички услови за работа на училиштата;

- Осовременување на наставниот процес и креирање на стимулативна средина за учење;

- Мотивирање на учениците за постигнување на високи резултати, во областите за кои покажуваат интерес;

- Развивање и следење на талентот и надареноста кај учениците и поттикнување на нивната креативност;

- Негување на културата и традицијата кај децата;

- Развивање на свеста кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот и слични позитивни вредности;

- Интегрирање и поддршка за децата со посебни образовни потреби, ученици во основните и средното училиште во Општина Берово.

## III. ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ

| **ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Период на реализација** | **Корисници** | **Извори на средства** | |
| | | | **ЕЛС** | **Други извори** |
| **Субвенционирање на првачањата на територијата на Општина Берово -по 5.000 денари за секое прваче** | Во текот на учебната година | Ученици во прво одделение од ООУ„Дедо Иљо Малешевски" и ученици во прво одделение во ООУ„Никола Петров Русински" | 500.000,00 | |
| **Субвенционирање на учениците од прва година на територијата на Општина Берово -по 5.000,00 денари за секој ученик од прва година** | Во текот на учебната година | Ученици од прва година кои своето образвование ќе го продолжат во ОСУ„Ацо Русковски" Берово | 500.000,00 | |
| **Субвенционирање на млади лица – жители на општина Берово за обука на теоретски и практичен дел за полагање на возачки испит од Б категорија (8.000,00 денари)** | Континуирано во текот на целата година | Млади лица жители на општина Берово, кои во моментот на поднесување на Барањето се редовни ученици во III или IV година средно образование од ОСУ„Ацо Русковски" Берово и кои ги исполнуваат условите за полагање на возачки испит | 600.000,00 | |
| **АЈДЕ ДА СЕ ДРУЖИМЕ** | Музички хепенинг со цел заедничка дружба на учениците од основните училишта по повод завршувањето на учебната година со | Општина Берово, ООУ„Дедо Иљо Малешевски" Берово, ООУ „Никола Петров Русински" и ОСУ „Ацо Русковски" | 380.000,00 | Министерство за култура и туризам |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | музичари од македонската сцена кои се особено слушани од основците, како и јавни личности кои би биле интересни за учениците. | | | |
| **Еднократна парична награда за одлични ученици (матуранти и полуматуранти)**<br>**-по <u>5000,00 денари</u>** | На крај на учебната година | Ученици од деветто одделение во ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово и ООУ „Никола Петров Русински“ и ученици од четврта година во ОСУ „Ацо Русковски” жители на општина Берово, со континуирано одличен успех (просек 5,00) и примерно поведение | 250.000,00 | |
| **Еднократна парична награда за ученици од основните и средното училиште за освоено 1 (прво), 2 (второ) или 3 (трето) место/награда на државен натпревар организиран од акредитирано здружение или меѓународни натпревари во учебната 2024/2025 година**<br>**1 место/награда – 10.000,00 денари**<br>**2 место/награда -8.000,00 денари**<br>**3 место/награда -5.000,00 денари** | На крај на учебната година | Ученици од ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово, ООУ „Никола Петров Русински“ и ученици од ОСУ „Ацо Русковски” кои освоиле 1 (прво), 2 (второ) или 3 (трето) место/награда на државен натпревар организиран од акредитирано здружение или меѓународни натпревари | 300.000,00 | |
| **Еднократна парична награда за прогласен ученик на генерација,**<br>**-<u>по 15.000,00 денари</u>** | 23 август – Денот на ошштина Берово | Првенец на генерација - ученик од деветто одделение при ООУ„Дедо Иљо Малешевски“, Првенец на генерација - ученик од деветто одделение при ООУ „Никола Петров Русински“ и Првенец на генерација -ученик од четврта година при ОСУ „Ацо Русковски” Берово, жители на општина Берово | 45.000,00 | |
| **Еднократна парична помош за студенти запишани на државните универзитети во Република Северна Македонија**<br>**<u>-6.000,00 денари</u>** | континуирано во текот на студиска година | Студенти, жители на општина Берово, кои по прв пат се запишани во прва, втора, трета, четврта, петта и шеста година на Државните универзитети во Република Северна Македонија | 900.000,00 | |
| **8 април**<br>**Ден на ромите** | април | Награда за најдобри ученици роми од основно и средно училиште во Општина Берово, ООУ„Дедо Иљо | 20.000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Малешевски“ Берово и ОСУ „Ацо Русковски” | | |
| ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ ОД ОПШТИНАТА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО | | | | |
| Здруженија на граѓани | План на активности поднесен од ЗГ | | 50.000,00 | |
| | | | 3.545.000,00 денари | |
| **ВКУПНО** | | | **3.545.000,00** | |

*За доделување на Еднократна парична награда за ученици од основните и средното училиште за освоено 1 (прво), 2 (второ) или 3 (трето) место/награда на државен натпревар организиран од акредитирано здружение или меѓународни натпревари во учебната 2024/2025 година за ученици во ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово, ООУ „Никола Петров Русински“с. Русиново, Берово и ученици од ОСУ „Ацо Русковски” Берово, Градоначалникот на општина Берово формира Комисија составена од три члена(административни службеници) за разгледување на документите.

Општина Берово односно Одделението за јавни дејности на почетокот на месец јуни во учебната 2024/2025 година, доставува Барање до ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово, ООУ „Никола Петров Русински“с. Русиново, Берово и ОСУ „Ацо Русковски” Берово за достава на податоци за ученици ко ги исполнуваат следните услови:

- да има освоено 1 (прво), 2 (второ) или 3 (трето) место/награда на државен натпревар организиран од акредитирано здружение или меѓународни натпревари во учебната 2024/2025 година

- да е редовен ученик во ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово, ООУ „Никола Петров Русински“с. Русиново, Берово или ОСУ „Ацо Русковски” Берово

Комисијата формирана од страна на Градоначалникот на општина Берово ги разгледува доставените документи и му предлага на Градоначалникот на општина Берово да донесе Решение за еднократна парична награда во износ од:

-10.000,00 денари за освоено 1 место/награда

-8.000,00 денари за освоено 2 место/награда

-5.000,00 денари за освоено 3 место/награда

**Место/Награди освоени на државно ниво ќе се признаваат само награди доделени од акредитирани здруженија на наставници од страна на Министерството за образование и наука кои организираат натпревари на ученици.*

**Под меѓународен натпревар се подразбира меѓусебен натпревар меѓу ученици од најмалку десет различни држави*

Со цел, учество на граѓанскиот сектор во креирање на Буџетот на Општина Берово, унапредување и развој на општината според мерка на граѓаните, како и

успешна реализација на Програмите за 2025 година, Општина Берово објави Јавен повик за прибирање на предлог – проекти по дејности од Здруженија на граѓани.

## IV. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со програмата на општина Берово од областа на образованието се очекува да се подобри квалитетот на образованието и условите за работа во основните и средното училиште.

Очекувани резултати од Програмата од областа на образованието се:

- Обезбедување на еднакви образовни можности за сите деца, ученици во Општина Берово ;
- Обезбеден континуитет на образовниот процес во сите основни училишта ;
- Обезбедени материјално-технички услови;
- Современ наставен процес и стимулативна средина за учење со соодветни нагледни средства и манипулативи;
- Мотивирани ученици и високи постигнување на и општински, регионални, државни и меѓународни натпревари;
- Континуитет во учество на учениците во културни и спортски манифестации;
- Подигнато ниво на свесност кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот, и сл;
- Стекнати нови искуства и добри практики во делот на образованието.

## V. МОНИТОРИНГ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Процесот на мониторингот на Програмата од областа на образованието на Општина Берово за 2025 ќе биде континуиран и ќе се состои од собирање и анализирање на податоци и повратни информации за постигнувањата и напредокот .

Мониторингот ќе го врши Одделението за јавни дејности, преку следење на активностите, нивната ефикасност, постигнатите резултати, употребените ресурси и потрошените финансиски средства.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Активностите од областа на образованието, утврдени со оваа програма, ќе бидат финансирани од Буџетот на Општина Берово за 2025 година.

За активностите од областа на образованието што ги опфаќа програмата, а кои ќе се појават во текот на 2025 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Берово.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Берово.

Број 09-3943/1
28.11.2024 година

Совет на Општина Берово
Претседател
с.р.Петар Ружински